Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

**З А П И С Н И К**
**за извршен инспекциски надзор**

Архивски знак: ______
Рок на чување: ______ год.
______ 20__ год.
Потпис

**Ип 1 бр. 57-34**
**Датум: 26.6.2020 година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Прима Центар Берлин/Колони Вединг Берлин |
| Седиште/адреса на субјектот | Biesentaler Str. 24, 13359 Berlin/ Контакт адреса во РСМ: бул. Кочо Рацин бр. 75-1/2, Скопје |
| Адреса за е-пошта | primacenter@yahoo.de |
| Телефон | |
| Матичен број на субјектот | / |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на жиро сметка на субјектот | |
| Банка депонент | Postbank Berlin |

Одговорно/и лице/а на субјектот:

| | | |
|---|---|---|
| Име и презиме: Јован Балов, претседател на Прима Центар Берлин | Телефон во РСМ | Е-пошта primacenter@yahoo.de |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | **1. РЕДОВЕН** | 2. ВОНРЕДЕН | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 22.6.2020 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 11.00 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 24.6.2020 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 15.30 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши | Министерство за култура – Објект „Нова Македонија“ на ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. | | |

| | |
|---|---|
| надзорот | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | / |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Министерство за култура – Објект „Нова Македонија" на ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на: Месечниот план за работа на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура за месец јуни 2020 година, бр. 57-120/8 од 29.5.2020 година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: Маја Митревска, виш инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура на РСМ.

5) Предмет на редовниот инспекцискиот надзор е спроведување на членот 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), односно наменското користење на одобрените средства од Буџетот на РСМ, преку МК во износ од 300.000 денари или 4.900 евра, согласно со Договорот бр. 33-4378/1 од 9.4.2019 година за учество во финасирање на Проектот – Презентација на млади македонски ликовни автори во галеријата на Центарот (Слободан Милошевски, Дејан Цолев, Игор Ангелов, Јана Луловска (Јакимовска) и Филип Коруновски), од национален интерес во културата од областа на меѓународната дејност за 2019 година, како и доставување на финасиски Извештај до МК.

Со Решение бр. 33-4378/3 од 17.7.2019 г. и бр. 33-4378/5 од 29.11.2019 г. на заменик - министерот за култура, преку НБРМ на жиро сметката на субјектот исплатени се средства во износ од 302.853 денари од кои 2.853 се курсна разлика.

6)Во извршувањето на овој инспекциски надзор се употребени листи за проверка коишто се дадени во прилог и се составен дел на овој записник.

7)За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| Ена Балова Јовановиќ, | | primacenter@yahoo.de |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор учествуваше лицето Ена Балова Јовановиќ, овластено лице во Р.С. Македонија.

9)Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентира целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот надзор.

10) За почетокот на вршењето на инспекцискиот надзор, со Допис Ип 1 бр. 57-34 од 9.6.2020 г., е известен субјектот, во согласност со член 69 став (2) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија" бр. 102/2019 - **во натамошниот текст: ЗИН**).

11) Поради природата и околностите на инспекцискиот надзор, записникот е составен во службените простории на СУИН на МК во согласност со член 82 став (3) од ЗИН.

12) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните **наоди за утврдената фактичка состојба:**

Трошењето на програмските средства во износ од 300.000 денари, односно 4.900 евра, за Проектот - – Презентација на млади македонски ликовни автори во галеријата на Центарот во Берлин, Германија (Слободан Милошевски, Дејан Цолев, Игор Ангелов, Јана Луловска (Јакимовска) и Филип Коруновски), во период од 20.5. – 18.12.2019 година, е прикажано во следниот табеларен преглед:

| Р. бр | Доверител | Намена | Износ | *Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Игор Ангелов | Патни и дневни трошоци, трошоци на просторот за сместување (кирија, струја, гас, одржување на просторот) | 60.000 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | Слободан Милошевски | Патни и дневни трошоци трошоци, на просторот за сместување (кирија, струја, гас, одржување на просторот) | 60.000 | |
| 3. | Дејан Цолев | Патни и дневни трошоци, трошоци на просторот за сместување (кирија, струја, гас, одржување на просторот) | 60.000 | |
| 4.* | Јана Јакимовска, | Патни и дневни трошоци, трошоци на просторот за сместување (кирија, струја, гас, одржување на просторот) | 60.000 | |
| 5. | Филип Коруновски | Патни и дневни трошоци, трошоци на просторот за сместување (кирија, струја, гас, одржување на просторот) | 60.000 | |
| | Вкупно: | | 300.000 денари | |

***Наместо лицето Јана Јулоска, во реализација на Проектот учествувала Јана Јакимовска, за што е известено МК со Допис заведен во писарницата на МК под бр. 33-10589/1 од 23.9.2019 година, со соодветни изјави во прилог.**


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

13) До МК доставен е наративен и Финансиски извештај заведен во писарницата на МК под бр. 33-12939/1 од 19.11.2019 г., на соодветен Образец за извештај за реализиран проект во областа на меѓународната соработка, а што е обврска од членот 68 став (3) од ЗК, како и член 5 став (1) од Договорот.

Оттука, врз основа на утврдената фактичка состојба при редовниот инспекциски надзор, се констатира дека преведените средства во износ од 300.000 денари односно 4.900 евра, наменети за реализација на Проектот - Презентација на млади македонски ликовни автори во галеријата на Центарот (Слободан Милошевски, Дејан Џолев, Игор Ангелов, Јана Луловска (Јакимовска) и Филип Коруновски), од национален интерес во културата од областа на меѓународната дејност за 2019 година за 2019 година, се поторшени наменски согласно со Оперативниот и финасиски план кој што е составен дел од Договоро,т согласно со членот 68 од ЗК.

Имајќи предвид дека не се утврдени неправилности во работењето на субјектот, инспекторот ја запира инспекциската постапка согласно со член 83 став 5 од Законот за инспекциски надзор.

Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба се запознаени одговрните овластени лица на субјектот на надзорот.

14)Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: Ена Балова Јовановиќ | [signature] | Печат и потпис на инспекторот за култура: Маја Митревска, виш инспектор | [stamp and signature] |
| Датум: | 27 .5.2020 г. | Датум: | 27.5.2020 г. |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk